МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

Врз основа на член 82-и став 5 од Законот за шумите („Службен весник на Република Македонија" бр. 64/09, 24/11, 53/11, 25/13, 79/13, 147/13, 43/14, 160/14, 33/15, 44/15,147/15, 7/16 и 39/16), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ФОРМАТА, СОДРЖИНАТА И НАЧИНОТ НА ПОПОЛНУВАЊЕ НА ПРИЈАВАТА ЗА ЗАСНОВАЊЕ НА РАБОТЕН ОДНОС ВО ШУМСКАТА ПОЛИЦИЈА

## Член 1

Со овој правилник се пропишува формата, содржината и начинот на пополнување на пријавата за засновање на работен однос во шумската полиција.

## Член 2

Пријава за засновање на работен оглас се поднесува на хартија во бела боја во А4 формат, и содржи:

1. Податоци за огласот:

- број на јавниот оглас, назив на институцијата, реден број на работно место(та) за кое(и) се пријавува.

2. Лични податоци за кандидатот:

- име и презиме, адреса на живеење (ул. и бр., место), дата на раѓање, ЕМБГ, пол, контакт адреса (ул. и бр., место), контакт телефон, e-mail и припадност на заедница.

3. Податоци за исполнување на општи услови:

- да е државјанин на Република Македонија,

- да е психофизички способен за работа,

- да не му е изречена казна со правосилна судска одлука.

4. Податоци за исполнување на посебни услови:

- степен на образование, образовна институција, насока, држава на завршување на образованието, дата на дипломирање, број на диплома,

5. Податоци за работното искуство во струката

- назив на институцијата/претпријатие, работното искуство во струката (години,месеци,денови).

6. Други услови утврдени во актот за систематизација на работните места.

- познавање на јазици, компјутерски вештини и др.

Формата и содржината на пријавата од став 1 на овој член се дадени во Прилог кој е составен дел на овој правилник.

**Член 3**

Пополнувањето на пријавата за засновање на работен однос во Шумската полиција се врши лично, со своерачен потпис и со читко пополнување на бараните податоци во пријавата од член 2 став 1 од овој правилник.

**Член 4**

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“

Бр. 19-4033/1 Министер
за земјоделство,

28 март 2016 година шумарство
и водостопанство,

Скопје м-
р Михаил Цветков, с.р.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО,
ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

# ПРИЈАВА

## ЗА ВРАБОТУВАЊЕ ВО ШУМСКА ПОЛИЦИЈА (ЈАВЕН ОГЛАС)

1. Податоци за огласот
   - број на јавниот оглас______________________________________________________
   - назив на институцијата ______________________________________________________
   - реден број на работно место(та) за кое(и) се пријавува ________________________

2. Лични податоци за кандидатот:
   - име и презиме ______________________________________________________
   - адреса на живеење ( ул. и бр. , место)________________________________________
   - дата на раѓање ______________________________________________________
   - ЕМБГ______________________________________________________________
   - пол________________________________________________________________
   - контакт адреса ( ул. и бр., место) ___________________________________________
   - контакт телефон ______________________________________________________
   - email адреса__________________________________________________________
   - припадност на заедница ________________________________________________

3. Податоци за исполнување на општи услови

| | | |
|---|---|---|
| - дали сте државјанин на РМ | ДА | НЕ |
| - дали сте психофизички способен за работа | ДА | НЕ |
| - дали ви е изречена казна со правосилна пресуда | ДА | НЕ |

4. Податоци за исполнување на посебни услови
   - степен на образование ____________________________________________________
   - образовна институција ____________________________________________________
   - насока _________________________________________________________________
   - држава на завршување на образованието ___________________________________
   - дата на дипломирање ______________________________________________________
   - број на диплома _________________________________________________________

5. Податоци за работното искуство во струката
   - назив на институцијата/претпријатието_____________________________________

____________________________________________________________________________

работното искуство во струката, години__________месеци_________денови_________

6. Други услови утврдени во актот за систематизација на работните места
   - познавање на јазици ______________________________________________________
   - компјутерски вештини ____________________________________________________

Дата на пријавување                                  Потпис на кандидатот

___________________                                  _____________________________